Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 28.02.2019

На 27.02.2019 во периодот од 10:30 до 12:40 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници извршиле претреси во дом и помошни простории сопственост на С.Г.(28), од кои две на локација во Струмица и еден дом во село Петралинци. При претресот биле пронајдени и одземени марихуана, две воздушни пушки, цевка од воздушна пушка, мобилни телефони, 16 стари монети и еден стар прстен. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.02.2019 во периодот од 10:30 до 12:40 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници извршил претреси во дом и други простории сопственост на лицата Р.Б.(29), Г.В.(27) и Г.Г.(54), сите од Струмица. При претресите биле пронајдени и одземени мобилни телефони и други технички апарати кои се предмет на извршени кривични дела „тешка кражба" и „кражба". По документирање на случаите, ќе следат соодветни поднесоци.

На 28.02.2019 околу 07.30 часот во Тетово полициски службеници на Секторот за внатрешни работи Тетово од слобода го лишиле Р.Љ.(45) од Тетово, осуден на казна затвор од две години и шест месеци за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". Љ.С. бил предаден во Казнено-поправната установа „Идризово" во Скопје за издржување на затворската казна.

На 27.02.2019 околу 17.00 часот на улица „Мурат Бафтијари" во Тетово од слобода бил лишен Е.И.(39) од Тетово. При преглед кај него полициски службеници пронашле и одзеле хероин. Е.И. бил задржан во Полициската станица Тетово, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.02.2019 околу 11.45 часот во СВР Битола било пријавено дека на Градскиот стадион во Битола, при изведување градежни работи на објект во изградба, Д.Д.(58) од село Црнобуки, битолско, паднал од скеле на бетонска подлога. Од екипа на Итна медицинска помош бил пренесен во Клиничката болница во Битола каде му биле констатирани тешки телесни повреди,  а во 19.30 часот починал. Увид на местото извршила екипа од СВР Битола во присуство на трудов инспектор. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.02.2019 во 15.05 часот во Полициската станица Кисела Вода, Д.А.(54) од Скопје пријавил дека на 26.02.2019 година околу 19.00 часот на булеварот „Борис Трајковски" бил каснат од куче-скитник во пределот на левата нога.

Во текот на изминатиот ден (27.02.2019 година) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје се случиле вкупно пет сообраќајни незгоди од кои една сообраќајна незгода со телесни повреди и четири со материјална штета. Во сообраќајните незгоди три лица се здобиле со телесни повреди. Од преземените мерки и активности констатирано е дека 48 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 18 возачи од кои: двајца возачи затоа што управувале возила под дејство на алкохол, 15 возачи управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и еден возач затоа што бил возач-почетник. Исто така исклучени од сообраќај се и седум возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се шест возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, четворица поради неправилно престројување, еден возач поради неправилно престигнување, еден возач поради непоседување пропишана зимска опрема, 10 поради неносење сигурносен

појас за време на управување на моторно возило и 26 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкционирани се двајца пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатиот ден издадени се 105 мандатни платни налози и 83 возила се подигнати со специјално возило "пајак".

Полициски службеници во Секторот за внатрешни работи Битола на 27 февруари извршиле контрола за брзина, зимска опрема, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство, исправност на возилата, товарни возила, сигурносен појас, светло и алкохол, при што биле контролирани 484 возачи и возила. При контролата, констатирано е дека 12 возачи го управувале возилото со поголема максимална брзина од дозволената, а 11 возачи управувале без возачка дозвола. Нерегистрирани биле шест возила, на мобилен telefon разговарале четири возачи и четири возачи не користеле сигурносен појас. Девет возачи се писмено опоменати, а на 40 возачи изготвени им се мандатни платни налози и ќе се соочат со соодветни глоби, а исто така изготвени се и 53 прекршочни налози. Исто така, при контролата откриени се и други 21 видови останати прекршоци.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Ј.З.(53) од село Делогожда, струшко, Р.И.(48) од село Горно Татеши, струшко и против Б.В.(45) од село Велешта, струшко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,злоупотреба на службена положба и овластување". Во периодот од 01.01.2018 до 23.06.2018 пријавените како возачи во „М-НАВ" АД Скопје-АКЛ Охрид, со картички за гориво од бензинска пумпа, кои биле наменети за набавка на гориво за службените возила на наведената компанија, набавувале гориво за приватни возила за што прикажувале лажни сметки и налози. Со ова пријавените на „М-НАВ" АД Скопје му нанеле материјална штета од 382.363 денари.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ј.А.(35) село Чифлик, општина Желино, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување на исправа", „употреба на исправа со невистинита содржина" и „даночно затајување" и против Т.С.(59) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата". Во текот на 2015 првопријавениот, како управител на стовариште за продажба на дрва од Тетово, изготвил лажна документација и ја употребил во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во прилог на барањето за добивање на решение за промет на дрва и дрвни сортименти. По ова, за да избегне плаќање за репродукција на шума, во наведеното министерство во три наврати приложил испратници, со ист датум и број, за продажба на огревни букови дрва на физички лица. Додека, пак, на 13.08.2015 второпријавената, како инспектор во државен инспекторат за шумарство и ловство, при инспекциски надзор на наведеното стовариште, без да изврши соодветно мерење на просторот, донела заклучок дека ги исполнува условите за добивање на решение за склад на дрва и дрвни сортименти.

На 27.02.2019 околу 18.10 часот во Полициската станица Кичево било пријавено дека во атар на село Осој, кичевско, на место викано „Алексова нива", Д.С.(34) од Кичево, при лов, од ловечка пушка испукал куршум, при што го повредил А.С.(66) од Кичево. А.С. со Итна медицинска помош бил пренесен во Здравствен дом Кичево, а потоа во комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Извршен бил увид на местото на настанот, а Д.С. бил приведен во Полициската станица Кичево за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за целосно расчистување на настанот.

На 27.02.2019 во Полициската станица Тетово, Б.Ѓ.(37) од Тетово пријавил дека бил измамен од А.А.(36) од Тетово. Според пријавеното, А.А. нему и на негов колега им ветила дека за четири недели ќе им обезбедела работни визи за Германија. За завршување на ветеното тие и ги дале патните исправи и по 270 евра, но потоа повеќе не им се јавувала и се посомневале дека биле измамени. Се преземат мерки за целосно расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Љ.Л.(34) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба наркотични дроги". На 20.03.2018 во близина на село Чешиново, во патничко возило, управувано од пријавениот, истиот овозможил на 16-годишна девока од село Зрновци да користи марихуана.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Ф.(20) и А.М.(25), двајцата од село Челопек, тетовско, поради потоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 31.12.2018 година на железничката станица во Тетово пријавените физички го нападнале З.Б.(31) од село Копанце, тетовско, при што му одзеле мобилен телефон.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.Ѓ.(33) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторени четири кривични дела ,,тешка кражба" и „тешка кражба во обид". Во периодот од 29.01.2019 до 30.01.2019 на подрачјето на Кичево, во две ќуќи, две џамии и две амбуланти, пријавениот со употреба на физичка сила влегувал внатре и одземал пари.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Прилеп поднесе кривична пријава против П.Р.(29) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа" и против Д..Т.(41) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „помагање" во врска со „фалсификување исправа". На 04.02.2019 во Прилеп, при преглед на патничко возило „Нисан Примера", управувано од првопријавениот, полициски службеници пронашле и одзеле дабови дрва, за кои тој немал соодветна документација. Притоа, било утврдено дека регистарските таблици на наведеното возило, потекнуват од друго патничко возило, кое било сопственост на второпријавениот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против И.Р.(44) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,бесправно

градење”. Во Охрид на ул.,,Охридска бригада” пријавениот, како инвеститор, без одобрение за градба, изградил станбена куќа.


МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте
» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)


Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)